**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-370
21.08. **2019 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 55 ставови 5 и 7 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-3591/1 од 17.07.2019 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, од страна на Радиодифузното друштво НАША ТВ ДООЕЛ – Скопје, односно поради тоа што пласирањето на производи не е во согласност со членот 55 од истиот Закон, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 30-та седница одржана на 19.08.2019 година согласно Заклучокот бр.02-3945/5 од 19.08.2019 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Радиодифузното друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, заради извршена повреда на член 55 ставови 5 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а казнива по член 148 став 1 точка 9 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, емитуван на 3 јуни 2019 година, во изданието на забавното говорно-шоу „Ориент експрес" реализирано како разговор со Слободан Петровиќ - новинар и планинар, емитувано во периодот од 09:51:34 до 10:18:09 часот и во репризата емитувана во периодот од 16:00:58 до 16:27:33 часот, беа пласирани производи - вино „мускат" од производителот винарија „Попов" и „Горска вода" без да биде јасно означено дека програмата содржи пласирање производи и на пласираните производи им се придаваше претерана важност, посебно на виното од винаријата „Попов".

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на емисија, период на емитувањето (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3591/1 од 17.07.2019 година (кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1), чиј составен дел се и неколку цитати од говорот на водителот и гостинот во изданието на емисијата емитувано во периодот од 10:02:21 до 10:02:38 часот (од 16:11:45 до 16:12:02 часот) и цитати од говорот на водителот во изданието на емисијата емитувано во периодот од 10:07:21 до 10:07:35 часот (од 16:16:47 до 16:17:00 часот).

2.МУ СЕ НАЛОЖУВА на Радиодифузното друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3.По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4.Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 17 јули 2019 година, изврши редовен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, емитуван на 3-ти јуни 2019 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 55 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, (кој пропишува дека во програмите кои содржат пласирање производи треба да биде јасно означено дека се работи за програма во која има пласирање производи. Овие програми мора да бидат соодветно означени на почетокот и на крајот на програмата и при продолжување на програмата по секоја пауза за рекламирање, со цел да се избегне забуна кај гледачите) и на член 55 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (кој пропишува дека во програмите кои содржат пласирање на производи не смее да му се придава претерана важност (истакнување или упатување) на производот за кој станува збор).

Со надзорот извршен од страна на Агенцијата, констатирано е дека на телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, емитуван на 3 јуни 2019 година, во изданието на забавното говорно-шоу „Ориент експрес" реализирано како разговор со Слободан Петровиќ - новинар и планинар, емитувано во периодот од 09:51:34 до 10:18:09 часот и во репризата емитувана во периодот од 16:00:58 до 16:27:33 часот, беа пласирани производи - вино „мускат" од производителот винарија „Попов" и „Горска вода" без да биде јасно означено дека програмата содржи пласирање производи и на пласираните производи им се придаваше претерана важност, посебно на виното од винаријата „Попов".

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на емисија, период на емитувањето (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3591/1 од 17.07.2019 година (кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1), чиј составен дел се и неколку цитати од говорот на водителот и гостинот во изданието на емисијата емитувано во периодот од 10:02:21 до 10:02:38 часот (од 16:11:45 до 16:12:02 часот) и цитати од говорот на водителот во изданието на емисијата емитувано во периодот од 10:07:21 до 10:07:35 часот (од 16:16:47 до 16:17:00 часот).

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Радиодифузното друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје на 19.07.2019 година, испрати допис – Доставување писмен извештај од надзор за изјаснување Уп1 бр.03-370 од 19.07.2019 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3591/1 од 17.07.2019 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во предвидениот рок, Радиодифузното друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Советот на Агенцијата на 30-та седница одржана на

19.08.2019 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Радиодифузното друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 55 ставови 5 и 7 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-3591/1 од 17.07.2019 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 30-та седница одржана на 19.08.2019 година согласно Заклучокот бр.02-3945/5 од 19.08.2019 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Радиодифузното друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје и му се наложува во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

- Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3591/1 од 17.07.2019 година.

**Доставено до:**

- Радиодифузното друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје;
- Управителот на Радиодифузното друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Радиодифузното друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: | 17-07-2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 3591 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен;
2. **Субјект на надзорот:** Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 3 јуни 2019 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 17 јули 2019 година
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);
   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);
   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);
   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
   - **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
   - **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа);

6. **Претходно изречена мерка:** нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, емитуван на 3 јуни 2019 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 55 ставови 5 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** *(став 5 - во програмите кои содржат пласирање производи треба да биде јасно означено дека се работи за програма во која има пласирање производи. Овие програми мора да бидат соодветно означени на почетокот и на крајот на програмата и при продолжување на програмата по секоја пауза за рекламирање, со цел да се избегне забуна кај гледачите; став 7 - во програмите кои содржат пласирање на производи не смее да му се придава претерана важност (истакнување или упатување) на производот за кој станува збор).*

Во изданието на забавното говорно-шоу „Ориент експрес", емитувано на 3 јуни 2019 година, реализирано како разговор со Слободан Петровиќ - новинар и планинар, **спротивно на член 55 став 5 од Законот, беа пласирани производи - вино „мускат" од производителот винарија „Попов" и „Горска вода", без да биде јасно означено дека програмата содржи пласирање производи.**

- Во точка 25 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи е наведено дека со цел да се избегне забуна кај гледачите, програмите кои содржат пласирање производи треба да бидат јасно означени, на почетокот и на крајот на програмата, како и при секое продолжување на програмата, доколку таа се прекинува со паузи за рекламирање.
- Во точка 26 е наведено дека ТВ програмите кои содржат пласирање производи се означуваат со истакнување лого (PP) и текст на ТВ екранот.

Дополнително, **спротивно на член 55 став 7 од Законот,** преку начинот на прикажување на пласираните производи, кои беа видливо истакнати за цело време на разговорот, а особено преку квалификациите за производот од винаријата „Попов" од страна на водителот и гостинот во емисијата и прилогот за изложеното вино кој не беше означен како комерцијална презентација, **во програмата „Ориент експрес" им се придаваше претерана важност на пласираните производи, посебно на виното од винаријата „Попов".**

**3.06.2019 г.**

| Наслов на емисија | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| „Ориент експрес" | 09:51:34 | 10:18:09 |
| „Ориент експрес" (реприза) | 16:00:58 | 16:27:33 |

**Опис на прекршувањето:**

Не беше означено дека програмата содржи пласирани производи, а на нив им се придаваше претерана важност, посебно на виното од винаријата „Попов".

*Цитати:*
*10:02:21 – 10:02:38 (16:11:45 - 16:12:02)*
*-Водителот (...) со чашка убаво винце од нашиот заеднички пријател Попе.*
*-Гостинот: Винарија Попов, кавадаречки Сопот. Ова е тоа.*
*-Водителот: Ова е едно од најубавите македонски.*
*-Гостинот: Тоа е тоа, вино „мускат"(...)*

*10:07:21 – 10:07:35 (16:16:47 – 16:17:00)*
*-Водителот(...) да наздравиме за убавото вино. Јас и го почнав "мускат темјаниката", а сега ќе порачаме да ни донесат една чаша за да продолжиме со убаво бело.(...)*

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 55 ставови 5 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** во програмата „Ориент експрес" емитувана на 3 јуни 2019 година, на телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, беа пласирани производи без да биде јасно означено дека програмата содржи пласирање производи, а на производите им се придаваше претерена важност.

9. **Предлог мерка:**

Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена по приемот на решението за преземање мерка опомена, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***